РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERZITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË
Бр.Nr 02 - 396/1
12.09. 2019 г.v.
СТРУГА-STRUGË

Архивски знак
Shenja Arkivore 0203
Рок на чување
Afati i ruajtjes Трајно
12.09.19 г.
Потпис/Nënshkrim

**УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ**
**НА УНИВЕРЗИТЕТ МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА**

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# СТАТУТ

**Септември, 2019 година**

Врз основа на член 36 став 7 од Законот за високото образование и член 302 од Статутот на Меѓународниот Универзитет во Струга, Универзитетското студентско собрание на седницата одржана на ден 12.09.2019 година, го донесе следниов

# СТАТУТ
## на Универзитетското студентско собрание на Меѓународниот Универзитет во Струга

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут се уредуваат општите одредби за Универзитетското студентско собрание, целите, задачите и надлежностите на Универзитетското студентско собрание, неговото материјално-финансиско работење, статусот, составот и изборот на Универзитетското студентско собрание, неговите органи и тела, одредби за Студентскиот правобранител, за јавноста во работата и за актите кои ги донесува Универзитетското студентско собрание.

Член 2

Универзитетското студентско собрание е тело на Меѓународниот Универзитет во Струга и има права, обврски и надлежности утврдени со Законот за високото образование, Статутот и актите на Универзитетот, и со овој Статут

Член 3

Називот на телото е: Универзитетско студентско собрание на Меѓународниот Универзитет во Струга.

Скратен назив на телото е УСС на МУС.

Член 4

Седиштето на Универзитетското студентско собрание е во Струга, во простории на Универзитетот.

Член 5

Универзитетското студентско собрание има свое лого, печат и штембил.

Член 6

Универзитетското студентско собрание го претставува и застапува Претседателот.

Член 7

Работата на Универзитетското студентско собрание е јавна.

# II. ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И НАДЛЕЖНОСТИ

Член 8

Цели и задачи на Универзитетското студентско собрание се:

- да ги штити интересите на студентите;
- да учествува преку свои претставници во одлучувањето во органите и телата на универзитетот;
- да ги претставува студентите во рамки на високото образование како членови на академската заедница;
- да влијае на законодавното регулирање на прашања и интереси на студентите;
- подобрување на студентскиот стандард;
- квалитетни промени во наставниот и образовниот процес;
- поттикнување и спроведување на заеднички активности и манифестации, како и евентуално формирање на заеднички асоцијации;
- залагање за развивање и задоволување на културните потреби на студентите, спортско-рекреативни активности, научно-техничко творештво, здравствени, хуманитарни, туристички и други општествено корисни активности.

Член 9

За остварување на целите и задачите, Универзитетското студентско собрание соработува со Факултетските студентски собранија со единиците на МУС, другите универзитети во Република Северна Македонија, други студентски организации, домашни и странски, органите на управата и државните органи на Република Северна Македонија и со организации и органи согласно позитивните законски прописи.

За остварување на целите и задачите, Универзитетското студентско собрание организира: трибини, дебати, советувања, медиумски кампањи, спортски натпревари, културни настани, јавни собири и сл.

Член 10

Универзитетското студентско собрание има надлежност да:

- донесува Статут и други акти на Универзитетското студентско собрание, согласно Законот и Статутот на Универзитетот;
- избира Претседател на Универзитетското студентско собрание;
- предлага износ на паричен надомест за работата на Претседателот, кој се усвојува од Универзитетскиот сенат;
- го усвојува Извештајот за работењето на Претседателот на Универзитетското студентско собрание;
- избира членови на Извршниот и Надзорниот орган;
- избира студентски претставници во Сенатот и другите органи и тела на Универзитетот;
- предлага Студентски правобранител и покренува постапка за негово разрешување;
- предлага износ на паричен надомест за работата на Студентскиот правобранител, кој

сеусвојува од Универзитетскиот сенат;
- донесува План и Програма за својата работа;
- им предлага на органите на управување План за финансирање на студентските активности;
- се грижи за квалитетот на животот на студентот и квалитетот на процесот на студирање, студентскиот стандард, остварувањето на студентските права и интереси и за студентската културна, социјална и интелектуална надоградба;
- поттикнува студентски активности надвор од наставниот процес;
- одлучува за зачленување во регионални и меѓународни организации;
- врпш други работи од интерес за студентите.

Член 11

Универзитетското студентско собрание се состанува по потреба, а најмалку еднаш на два месеци.

Претседателот на Универзитетското студентско собрание ги свикува седниците, го предлага дневниот ред и претседава со седниците.

Претседателот на Универзитетското студентско собрание е должен, на предлог на Извршниот орган на Универзитетското студентско собрание или на барање на 1/3 од членовите, да свика седница на Универзитетското студентско собрание.

Член 12

Универзитетското сгудентско собрание може да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови на Универзитетското студентско собрание, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, освен ако со Закон, овој Статут или друг општ акт не е поинаку предвидено.

# III. ФИНАНСИСКО И СМЕТКОВОДСТВЕНО РАБОТЕЊЕ

Член 13

Универзитетското студентско собрание се финансира од:

- средства на сметките на Меѓународниот Универзитет во Струга.
- легати, подароци, завештанија, прилози, спонзорство, донации, грантови, наследство и друго.

Финансиското и сметководственото работен.е на Универзитетското студентско собрание се врши во согласност со законските прописи, подзаконските акти, актите на Универзитетот и актите пропишани од Универзитетското студентско собрание, во рамките на финансиското и сметководственото работење на Ректоратот на Универзитетот.

Член 14

Универзитетот врши надзор над наменското трошење на средствата кои ги доделува на Универзигетското студентско собрание.

Надзорот опфаќа поднесување извештај од страна на Универзитетското студентско собрание до Ректорот на Универзитетот, за наменското користење на доделените средства за определена акгивност.

# IV. ЧЛЕНСТВО

Член 15

Универзитетското студентско собрание е тело на Меѓународниот Универзитет во Струга во кое членуваат претставници на студентите.

Универзитетското студентско собрание е составено од по двајца претставници на студентите именувани од редот на претставниците избрани во факултетските студентски собранија.

Факултетски студентски собранија кои избираат претставници во Универзитетското студентско собрание се:

1) Факултетско студентско собрание на Факултетот за Економски Науки при МУС
2) Факултетско студентско собрание на Факултетот за Правни Науки при МУС
3) Факултетско студентско собрание на Факултетот за Политички Науки при МУС
4) Факултетско студентско собрание на Факултетот за Информатичка Технологија -МУС

Член 16

Мандатот на членовите на Универзитетското студентско собрание трае една година, со право на уште еден избор.

Верификацијата на мандатот на членовите на Универзитетското студентско собрание ја врши Верификациона комисија од три члена, избрана по предлог и од редот на членовите на новиот состав на Универзитетското студентско собрание, со јавно гласање.

Верификационата комисија констатира дали се исполнети условите предвидени за избор на член во Универзитетското студентско собрание и поднесува извештај на седница на Универзитетското студентско собрание. Доколку Верификационата комисија констатира дека не се исполнети условите, за тоа се известуваат Факултетските студентски собранија.

Лицата чиј мандат не е верифициран не можат да учествуваат во работата и одлучувањето на Универзитетското студентско собрание и не се сметаат во кворум при одлучувањето на Универзитетското студентско собрание.

Бројот на испразнетите места на членови на Универзитетското студентско собрание, по кој било основ, до изборот и верификацијата на мандатот, не се смета во кворум при одлучувањето на Универзитетското студентско собрание.

Член 17

На членот на Универзитетското студентско собрание му престанува мандатот и пред истекот на времето за кое е избран во случај на: престанок на статусот на студент, мирување на статусот на студевгг, негово барање или избор на функција која не дозволува вршење на функцијата член на Универзитетското студентско собрание.

Членот на кого му престанал мандатот пред истекот на времето за кое е избран може да биде заменет на ист начин и постапка како и при избирањето на членови на Универзитетското студентско собрание. Мандатот на новиот член трае до истекот на мандатот на претходниот член кој го заменува.

Член 18

Универзитетското студентско собрание престанува да постои согласно одредбите на закон.

# V. ОРГАНИ И ТЕЛА НА УНИВЕРЗИТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

Член 19

Органи на Универзитетското студентско собрание се:

1. ПРЕТСЕДАТЕЛ
2. ИЗВРШЕН ОРГАН и
3. НАДЗОРЕН ОРГАН

# 1. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УНИВЕРЗИТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

Член 20

Претседателот на Универзитетското студентско собрание своите права и должности ги врши врз основа на Закон, Статутот на Универзитетот, овој Статут и други акти.

Член 21

Претседателот на Универзитетското студентско собрание се избира од редот на претставниците именувани во Универзитетското студентско собрание, со тајно гласање, со мандат од една година, со право на уште еден избор.

Претседателот на Универзитетско студентско собрание треба да биде редовен студент.

Функцијата Претседател на Универзитетското студентско собрание е неспоива со функцијата Претседател на факултетско студентско собрание и Студентски правобранител или со функција во политичка партија.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на Претседателот, Извршниот орган назначува в.д. Претседател за период од најмногу 60 дена, односно до изборот на нов Претседател. Мандатот на новоизбраниот Претседател трае до крајот на мандатот на претходниот Претседател.

Член 22

Претседателот на Универзитетското студентско собрание се избира на седница на Универзитетското студентско собрание, со тајно гласање.

Секој од членовите на Универзитетското студентско собрание може да предложи кандидат за Претседател на Универзитетското студентско собрание. и има право да гласа само за еден од предложените кандидати.

Универзитетското студентско собрание може да одлучува за избор на претседател доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови на Универзитетското студентско собрание, а кандидатот за претседател е избран ако добил мнозинство гласови од присутните членови.

Член 23

Претседателот на Универзитетското студентско собрание ги има следниве права и обврски:

- ги организира и усогласува активностите на Универзитетското студентско собрание;
- предлага Програма за работа со фииансиски план;
- дава предлози за финансирање на тековните и други потреби;
- има право на паричен надомест за неговата работа кој се утврдува со Одлука на Универзитетскиот сенат;
- ги свикува и претседава со седниците на Универзитетското студентско собрание и Извршниот орган;
- дава предлози за службени патувања;
- други права и обврски.

Член 24

- Претседателот има право и должност да запре од извршување акт на органите на Универзитетското студентско собрание за кој смета дека е спротивен на закон, статут или друг акт на Универзитетското студентско собрание и за тоа ќе го извести Универзигетското студентско собрание и Ректорот на Универзитетот.

Член 25

- Претседателот на Универзитетското студентско собрание е одговорен за почитување на Статутот и други акти при вршење на своите права и должности.

- Постапката за утврдување на одговорноста на Претседателот на Универзитетското студентско собрание ја покренува Универзитетското студентско собрание на барање од најмалку 1/2 од вкупниот број на членови.
- За одговорноста на Претседателот расправа Универзитетското студентско собрание доколку на седницата присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број на членови, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

## 2. ИЗВРШЕН ОРГАН НА УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

Член 26

- Извршниот орган на Универзитетското студентско собрание брои вкупно пет члена, Претседателот на УСС и четири членови кои ги избира Универзитетското студенско собранието од редот на редовните студенти, со мандат од една година, со право на уште еден избор.
- Сите права и обврски Извршниот орган ги врши врз основа на Статутот на Универзитетското студентско собрание.

Член 27

- Извршниот орган го сочинуваат Претседателот на Универзитетското студентско собрание и членовите.
- Членовите ги избира Универзитетското студентско собрание од редот на претставниците именувани во истото, по предлог на Претседателот на Универзитетското студентско собрание, доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови на Универзитетското студентско собрание, а одлуката за избор се донесува со мнозинство гласови од присутните членови.
- Сите членови на Извршниот орган треба да бидат од различни Факултетски студентски собранија.

Член 28

Извршниот орган ги има следните права и обврски:

- Донесува Програма за работа и финансиски план;
- ги спроведува одлуките, заклучоците и други акти на Универзитетското студентско собрание;
- донесува одлука за формирање комисии, други тела и ја насочува нивната работа;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија, а предлага и парични надоместоци за истите;
- дава предлози за набавка на основни средства;
- извршува и други работи од интерес на Универзитетското студентско собрание.

Член 29

Извршниот орган и секој негов член одговара за својата работа пред Универзитетското студентско собрание.

Универзитетското студентско собрание може да изгласа недоверба на Извршниот орган.

Претседателот може да предложи разрешување на член на Извршниот орган.

Член на Извршниот орган може да даде оставка.

Одлука од став 2, став 3 и став 4 донесува Универзитетското студентско собрание со мнозинство гласови од присутните членови, а да се присутни повеќе од половината.

Член 30

Во случај на оставка, разрешување или трајна спреченост на член на Извршниот орган, Претседателот отпочнува постапка за избор на нов член во рок од 30 дена од донесената Одлука од претходниот член.

3. НАДЗОРЕН ОРГАН

Член 31

Надзорниот орган брои три члена и истите ги избира Универзитетското студенско собранието од редот на редовните студенти, со мандат од една година, со право на уште еден избор.

Членовите ги избира Универзитетското студентско собрание од редот на претставниците именувани во истото, по предлог на Претседателот на Универзитетското студентско собрание, доколку на седницата присуствуваат повеќе од

половината од вкупниот број членови на Универзитетското студентско собрание, а одлуката за избор се донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

Сите членови на Надзорниот орган треба да бидат од различни Факултетски студентски собранија.

Членот на Надзорниот орган не може истовремено да биде претседател на Универзигетското студенско собрание, претседател на Факултетско студентско собрание односно ггретседател на Студентското собрание на Високата медицинска школа.

Надзорниот орган најмалку еднаш на шест месеци го разгледува реализирањето на Програмата за работа и Финансиски план на Универзитетското студентско собрание и за тоа го известува Универзитетското студентско собрание.

**Помошни работни тела (комисии)**

Член 32

Универзигетското студентско собрание може да формира комисии за подготовка на Статут, други акти и реализација на други активности поврзани со работата на Универзитетското студентско собрание.

Со комисијата раководи претседател.

Член 33

Универзитетот е должен на Универзитетското студентско собрание и на Студентскиот правобранител да им обезбеди просторија за работа и да им пружи административно-техничка помош.

# VI. СТУДЕНТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Член 34

Заради заштита на правата на студентите на Универзитетот се избира Студентски правобранител.

Студентски правобранител се избира од редот на редовните студенти на Универзитетот.

Член 35

Студентскиот правобранител се избира од Сенатот на Универзитетот, со мнозинство гласови од присутните повеќе од половината членови на Сенатот, на предлог на Универзитетското студентско собрание, по претходно објавен Конкурс.

За спроведување на постапката по Конкурсот, Универзитетското студентско собрание од своите членови избира трочлена Конкурсна комисија, од кои еден претседател и два члена.
Претседателот на Универзитетското студентско собрание, Конкурсот за Студентски правобранител задолжително го објавува веб страницата на Универзитетот.
Рокот за пријавување по објавениот Конкурс за Студентски правобранител е 15 дена од денот на неговото објавување.
Конкурсот за Студентски правобранител задолжително ги содржи условите за пријавување на кандидатите:

- Да е редовен студент на некој од факултетит
- Да е со просечна оценка од најмалку 8.

Конкурсот за Студентски правобранител задолжително ги содржи птребните документи за пријавување:

- Пријава

* Потврда за редовен студент

- Потврда за просечна оценка од студиите од соодветниот факултет
- Кратко CV (биографија) во Еигоpass формат
- Мотивационо писмо.

Конкурсната комисија, при разгледувањето на Пријавите и рангирањето на кандидатите за студентски правобранител, ги земаат во предвид, покрај основните услови и дополнителните критериуми за избор (активно учество во проекти, невладини организации и сл.), а по потреба може да направи интервју со пријавените кандидати.
Универзитетското студентско собрание, на предлог на Конкурсната комисија, треба да утврди предлог за Студентски правобранител најдоцна во рок од 8 (осум) дена по завршувањето на објавениот Конкурс.
Сенатот на Универзитетот треба да избере Студентски правобранител најдоцна во рок од 15 дена по поднесувањето на предлогот за студентски правобранител од страна на Универзитетското студентско собрание.
Студентскиот правобранител има право на паричен надомест за неговата работа, којшто се утврдува со Одлука на Универзитетскиот сенат, на предлог на Универзитетското студентско собрание.

Член 36

Мандатот на Студентскиот правобранител е 2 години, без можност за реизбор, заради што при утврдување на предлогот и изборот треба да се има во предвид запишаната година на студии на пријавениот кандидат.

Член 37

Студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент или по сопствена иницијатива, доколку увидел дека е повредено право на студент од страна на органите на Универзитетот, факултетот или друг член на академската заедница на Универзитетот.

Органите на Универзитетот и факултетот се должни да постапат по укажувањата на Студентскиот правобранител.

Член 38

Студентскиот правобранител постапува по поднесок-Барање на студент и/или група студенти во случај кога станува збор за повреда на студентските права:

- Стекнување на статус на студент
- Престанок на статусот на студент
- Губење на статусот на студент во државна квота

- Ослободување од плаќање партиципација
- Проверка на знаењето Испитни рокови
- Оценување
- Објавување на резултати и право на увид
- Приговор заради оценка од проверка на знаењето
- Поништување на оценката и повторување на испитот
- Напредување на студентот
- Мирување на обврските на студентот Продолжување на прекинатите студии
- Паралелно студирање
- Рок за завршување на студиите
- Дисциплинска одговорност на студентот
- Други права на студентот, во согласност со Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот, Статутот на единицата и други акти.

Член 39

Барањето до студентскиот правобранител се поднесува како писмено барање. Барањето го поднесува студентот, односно негов полномошник по пошта/лично на адресата на седиштето на Студентскиот правобранител или на официјалната е-маил адреса.

Во итни случаи барањето може да се прими и по телефон, за што се составува службена белешка, а во рок од 5 дена подносителот е должен Барањето да го поднесе и писмено.

Не постои определена форма или образец во кој Барањето треба да биде поднесено. Тоа треба да содржи лични податоци на подносителот, околностите, фактите и доказите врз кои се темели барањето, како и да биде наведен органот, односно лицето на кое се однесува барањето. Доколку станува збор за прашање кое е од општ интерес (пр. ако поголема група на студенти е засегната од проблемот) Барањето може да биде и анонимно.

Сите информации и документи кои ќе ги добие студентскиот правобранител по службена должност во текот на постапката се од доверлив карактер. Студентскиот правобранител се грижи за заштитата на идентитетот и приватноста на студентите кои поднеле барање. Подносителот не може да биде повикан на одговорност во врска со поднесеното Барање. Подносителот е ослободен од плаќање такса за Барањето.

По секое поднесено Барање Студентскиот правобранител остварува средби со сите засегнати страни, освен ако Барањето биде анонимно, врши увид во документациј ата на студентот и Факултетот/Школата и презема други дејствија со цел утврдување на фактичката состојба.

Доколку се констатира дека навистина постои повреда на правата на студентот, Студентскиот правобранител има овластување до Проректорот за студентски работи на Универзитетот да поднесе Извештај, со укажување на настанатата повреда на правата на студентот и да даде насоки/препораки за дејствијата кои треба да бидат преземени со цел отстанување на повредата. Универзитетот е обврзан во рок од 15 дена да достави информација за преземените дејствија до Студентскиот правобранител.

Студентскиот правобранител може да преземе иницијатива за поведување одговорност против одговорното лице, како и да побара постапување на други надлежни органи.

Член 40

Студентскиот правобранител ќе го отфрли Барањето доколку:

- од податоците кои му стојат на располагање произлегува дека не се работи за повреда на правата на студентот согласно закон и актите на единиците/Универзитетот;

- по Барањето веќе постапувал и тоа е завршена работа;

- Барањето е анонимно, освен кога се работи за прашање од општ интерес;

- Барањето не е комплетно, а подносителот по претходното укажување од Студентски правобранител него дополнил;

- Барањето се однесува на дејствие кое се случило пред повеќе од една година, освен ако оцени дека подносителот го пропуштил рокот од оправдани причини;

- подносителот не е лично засегнат од дејствијата на кои се однесува Барањето, односно Барањето е поднесено од неовластено лице;

- Барањето се однесува на приговор за оценка, а студентот не го искористил правото согласно закон и актите на единиците/Универзитетот;

- постапувањето по Барањето не е во негова надлежност, односно предметот е во постапка пред друг надлежен орган.

Член 41

За својата работа Студентскиот правобранител поднесува Годишен извештај до Сенатот на Универзитетот.

Во случај кога Сенатот на Универзитетот не го прифати годишниот извепггај на Студентскиот правобранител, за тоа го известува Универзитетското студентско собрание.

Неприфаќањето на Годишниот извештај на Студентскиот правобранител претставува основ за поведување постапка за негово разрешување од страна на Универзитетското студентско собрание.

Член 42

Постапка за разрешување на Студентскиот правобранител може да поведе Универзитетското студентско собрание, со мнозинство гласови од присутните членови, доколку на седницата присуствуваат повеќе од 2/3 од вкупниот број членови на Универзитетското студентско собрание.

Одлука за разрешување на Студентскиот правобранител донесува Сенатот на Универзитетот, со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Член 43

Доколку на Студентскиот правобранител предвремено му престанал мандатот, по негово барање, поради разрешување и/или поради престанок на статусот на редовен студент, Сенатот на Универзитетот, по предлог на Универзитетското студентско собрание, од нивните членови, определува Вршител на должност Студентски правобранител, со мандат не подолг од 3 (три) месеци.

Вршителот на должност студентски правобранител ги има истите права и должности како и студентскиот правобранител.

Претседателот на Универзитетското студентско собрание е должен, во случај на предвремен престанок на мандатот на Студентскиот правобранител, во рок од еден месец, да објави Конкурс за студентски правобранител.

# VII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА И ИНФОРМИРАЊЕТО

Член44

Органите на Универзитетското студентско собрание се обврзуваат да обезбедат систем на информирање со кој секој член ќе биде запознаен со целокупното работење на Универзитетското студентско собрание.

Сите акти на Универзитетското студентско собрание се објавуваат на веб страната на Универзитетското студентско собрание, освен во случаите кога органите на Универзитетското студентско собрание одлучат поинаку, а во согласност со Статутот и други акти на Универзитетското студентско собрание.

Член 45

Седниците се отворени за јавноста и на нив може да присуствуваат гости и заинтересирани лица кои можат да придонесат со својата стручност и искуство во работата на Универзитетското студентско собрание, како и претставници за јавно информирање.

Седниците можат да бидат затворени, во случаи утврдени со одлука на соодветниот орган.

Органите на Универзитетското студентско собрание можат да организираат прес конференција и да имаат свои информативни гласила.

## VIII. АКТИ НА УНИВЕРЗИТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

Член 46

Универзитетското студентско собрание донесува Статут, одлуки, решенија, заклучоци, а може да донесе и други акти.

Член 47

Универзитетското студентско собание го донесува Статутот на седница, по претходна согласност од Универзитетскиот сенат.

Член 48

Иницијатива за донесување на нов Статуг на Универзитетското студентско собрание, односно измени и дополнувања, до Извршниот орган, дава:

- Претседателот на Универзитетското студентско собрание;
- 1/3 од членовите на Универзитетското студентско собрание.

Иницијативата ја разгледува Извршниот орган и ја доставува до Универзитетското студентско собрание со свое мислење во рок не подолг од 30 дена од денот на поднесувањето.

Иницијативата за покренување на постапката од ставот 1 се поднесува во писмена форма со потребното образложение.

Член 49

Предлогот на Статутот, односно измената и дополнувањето на Статутот го подготвува Извршниот орган.

Статутот, односно неговите измени и дополнувања, се донесуваат доколку на седницата присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број на членови, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

Член 50

Правилниците и другите акти на Универзитетското студентско собрание влегуваат во сила со денот на нивното донесување.

Член 51

Статутот, одлуките, решенијата и заклучоците, како и другите акга на Универзитетското студентско собрание, ги потпишува Претседателот на Универзитетското студентско собрание.

Член 52

Толкување на одредбите на овој Статут и на другите акти дава Универзитетското студентско собрание

Член 53

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот.